Република Северна Македонија
Национална установа-Универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски"
Бр. 03-192/2
14.04 2025 год.
Битола

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
*Сектор за управен*
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
*Sektori i Mbikëqyrjes*
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К

**за извршен инспекциски надзор**
**ИП 1 бр. 57-22**
**Датум: 02.04.2025година**

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
Потпис
Nënshkrimi
20 година
viti

## 1)Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | РСМ, Национална установа - Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски", Битола |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Пеце Матичевски" бр.39, Битола |
| Адреса за е-пошта: | nub@nuub.mk |
| Телефон | 047/220-208 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | Народна банка на РСМ, Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: nub@nuub.mk |

## 2)Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 26 и 27.03.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11:30 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 28.03.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 14:15 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски " - Битола | | | |
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | Дејности на библиотеките и архивите (91.01) | | | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „ Пеце Матичевски " бр. 39, Битола | | | |

**3)Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налогот издаден од раководителот на инспекциската служба ИП 1 бр. 57-22 од 21.03.2025 година.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Маја Митревска, виш инспектор–раководител на Одделение, при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: СУИН на МКТ**).

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена на одредбите од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16, 11/18и „Сл. весник на РСМ" бр. 265/24), меѓудругото членовите 78, 78-а, 78-б, 78-в, 78-г, 78-д, 78-ѓ, 78-е, 78-ж, 78-з, 78-ѕ од Законот, коишто се однесуваат на дисциплинската одговорност на давателите на услуги при повреда на работите и работните задачи на работното место, односно одговорност за дисциплински престап и дисциплинска неуредност.

**Основ:** член 82 став (1) од **Законот за културата**, а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19, 272/24 и 22/25).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

**7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од следното лице:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| --- | --- | --- |
| | | nub@nuub.mk |

**8)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:

| **Име и презиме и својство** | **Телефон/мејл** |
| --- | --- |
| 1. | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзорот му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба.**

10.1.До СУИН на МКТ, од страна на Министерството за труд и социјална политика, Државен инспекторат за труд, Битола испратен е Допис бр. 09-24 од 30.01.2025 г., за постапување и преземени мерки од аспект на надлежностите на инспекторатот, по однос на наводите од Иницијативата бр. 09-24 од 18.01.2025 г., поднесена од библиотекар-советник на работното место - програмски раководител на НУ-УБ „Св. Климент Охридски", Битола.

Предметната Иницијатива со пропратна документација во прилог, е испратена на надлежност и постапување до СУИН на МКТ со образложение дека одредбите во делот на постапката за поведување, водење и утврдување на дисциплинска одговорност кај подносителот на иницијативата, а којашто е давател на услуга, се уредени со Законот за културата.

**10.2.При надзорот е извршен непосреден увид во следните списи и документација кај субјектот на надзорот и тоа:**

-Тековна состојба на Библиотекатаод 28.01.2025 г.,
-Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-9789/2 од 06.11.2024 г. за именување на за в.д. директор на Библиотеката,
-Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-604/1 од 24.01.2025 г., за престанок на вршење на должноста в.д. директор на Библиотеката на

-Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-604/2 од 24.01.2025 г., за избор на за директор на Библиотеката,
-решенија на министерот за култура и туризам бр. 44-2613/2 од 11.03.2022 г. и бр. 44-10841/2 од 04.12.2024 г., за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Библиотеката,
-Предлог за покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап бр. 09-33/1 од 14.01.2025 г., на в.д. директорот
-Решение бр. 02-44/1 од 16.01.2025 г., на в.д. директорот за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап составена од претседател и два члена и нивни заменици,
-Записник бр. 04-44/6 од 22.01.2025 г., од состанок на Комисијата за дисциплинска постапка одржан на 17.01.2025 г.,

- Барање-Изјава бр. 04– 44/2 од 20.01.2025 г., за изземање од член на Комисијата по основ на увид и проверка во документите во врска со наводите за дисциплински престап од . библиотекар советник,
-Решение бр. 04-44/3 од 21.01.2025 г., на в.д. директорот за одбивање на Барањето за изземање како неосновано,
-Предлог бр.04-44/7 од 22.01.2025 г., на Комисијата за водење на дисциплинска постапка против програмски раководител за утврдување на дисциплински престап,
-Решение бр. 02-44/8 од 22.01.2025 г. на в.д директорот за изрекување на дисциплинска мерка по Предлогот на Комисијата,
-Достава на документи до директорот и до Управниот одбор од 31.01.2025 г., за преиспитување на дисциплинската постапка од вработената библиотекар советник – програмски раководител,
- Жалба 03-73/1 од 30.01.2025 г., поднесена до Управниот одбор на Библиотеката од преку Адвокатското друштво „Ипсо Јуре" од Битола,
-Записник бр. 02-88/2 од 06.02.2025 г., од оддржана редовна седница на Управен одбор на Библиотеката,
-Одлука на Управниот одбор бр. 02-106/27 од 21.02.2025 г., со која се одбива Жалбата на подносителката,
-Тужба РО-56/25 од 20.02.2025 г., поднесена од тужителот- преку Адвокатското друштво „Ипсо Јуре" од Битола, до Основниот суд во Битола, основ поништување на Одлуката за парична казна,
-Одговор на Тужба од 06.03.2025 г., од тужениот НУ-УБ „Свети Климент Охридски", Битола, и
-Покана за рочиште за главна расправа закажана за 08.04.2025 година;

**По извршениот непосреден увид во горенаведените списи и документација, како и разговорот со присутните лица, констатирано е следното:**

**10.3.**Со Решение бр. 44-9789/2 од 06.11.2024 г. на министерот за култура и туризам за в.д. директор на Библиотеката именуван е со мандат до избор на директор, додека со Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-604/1 од 24.01.2025 г., за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор на Библиотеката на му престанал мандатот за в.д. директор. По распишан Јавен оглас за избор на директор, согласно со член 29 ставовите (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-604/2 од 24.01.2025 г., за директор на Библиотеката е избрана со мандат од 4 години.

Со Решение на министерот за култура бр. 44-2613/2 од 11.03.2022 г. за член на Управниот одбор од редот на локалната самоуправа именувана е I

додека со Решение бр. 44-10841/2 од 04.12.2024 г., на министерот за култура и туризам за претседател и за член на УО од редот на истакнати поединци од областа на културата именувани се

а за членови од редот на вработените во Библиотеката именувани се

10.4 Според Пријавата заведена во Државниот инспекторат за труд, Битола под бр. 09-24 од 17.01.2025 г., поднесена од вработена како библиотекар советник – програмски раководител во Библиотеката, а препратена на надлежност до СУИН на МКТ, подносителката изнесува наводи за вршење **„мобинг, непрофесионално однесување и комуникација“, „на ден 17.01.2025 г. во присуство на двајца колеги како сведоци“**, од страна на тогашниот в.д. директор на Библиотеката

Понатаму наведува дека *„в.д. директорот од своето доаѓање константно врши притисок врз мене со понижување пред вработени лица организирајќи ги состаноци од библиотечна дејност, барајќи од мене да давам одговори кои не се во нивната сфера на работните задачи. На сите негови барања по однос на подготовка на документи, извештаи, планови итн., иако рокот за подготовка на три многу важни документи беше само еден ден, одговорив во писмена форма стручно и одговорно. В.д. директорот и покрај сите мои заложби за професионално извршување на моите задачи, и покрај тоа што на Годишното оценување на даватели на услуги сум оценета со висока оценка за исполнување на сите обврски и задачи, ми дава документ Предупредување, Предлог за покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап и крајно документ Задолжување, каде се задолжувам да ја напуштам канцеларија, работен простор на Програмски раководител. Иако на в.д. Директорот му укажав дека мора да обезбеди ист простор, соодветен за извршување на моите работни задачи том ми се закани дека „милом или силом“ ќе ме исели во Дневната соба на градот, простор наменет за корисници, кој не е канцеларија и кој има свои перформанси за изведување на активности за деца, возрасни, корисници од сите категории.*
*Напоменувам дека сум високо профилиран библиотечен советник и професионалец и дека ми останува до пензија 8 месеци.“*

Постапувајќи по Пријавата, Државниот инспекторат за труд, преку инспектор за труд во рамките на своите надлежности извршил вонреден инспекциски надзор пришто записнички констатирал дека во делот на наводите за покренување и водење постапка за утврдување на дисциплинска одговорност нема надлежност да постапува и дека постапката е уредена со одредбите од Законот за културата, порадишто е препратена на надлежност на СУИН на МКТ, со оглед дека

подносителката е вработена во установа од областа на културата како давател на услуга на работно место Програмски раководител, библиотекар-советник.

Имено, од претходниот в.д. директор на Библиотеката изготвен е Предлог за покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап бр. 09-33/1 од 14.01.2025 г., против библиотекар-советник, програмски раководител на Библиотеката.
Во предлогот се наведени повеќе причини за покренување на дисциплинската постапка за дисциплински престап, односно наведено е следното:

*„1.Повеќе од 4 години беше алармирано кај програмскиот раководител и поранешниот директор на библиотеката дека нема празен магацински простор и празни полици за редење на библиотечен материјал во магацинот за монографски публикации и не бевме послушани со што библиотеката се доведе во катастрофална состојба да новообработените книги не можат да се редат редоследно каде што им е местото туку мора да се сместат било каде на несоодветни места а последните 3 годиие се редат и на клупи и на подот. Со тоа библиотечниот материјал е изложен на деформирање, влага и мувла поради несоодветното сместување каде нема присуство на циркулација на воздухот а има голема влажност во истиот. Ваква е состојбата со сите оддели од магацинот за монографски публикации или поточно следните подлокации: M II, A II, A III, MTII, MTIII, ATII, AT III, MENG I, MENG II, M ENG III, M AUT I, M AUT II, M AUT III, M BRA III.*
*2. Повеќе од три години не се средуваат и подредуваат книгите во магацинот за монографски публикации со што истиот е доведен во многу лоша состојба на несреденост по тековен број од сигнатурата и книги на полиците кои се легнати, искосени, паднати позади редицата и тн. со што сериозно се отежнува барањето на книгите по сигнатура а истите се изложени на деформирање поради искосувањето и со тоа на нивно уништување и скратување на векот на траење. Оваа постапка посебно се засили за време на ревизијата, и по завршувањето на истата веќе два месеци ништо не е преземено од страна на програмскиот раководител во насока на средување на магацините за книги.*
*3. Со Ревизијата беа одвоени околу 300 необработени или грешно обработени книги од магацинот за Архивски примерок и истите се оставени на клупа во канцеларијата кај лифтот околу 6 месеци со што се прави тежок прекршок во поглед на чување на архивскиот примерок затоа што е достапен до секој и изложен на кражба и уништување бидејќи архивските книги треба да бидат чувани во посебни магацини каде се заклучени и таму немаат пристап никој од вработените во библиотеката освен задолжените работници со архивски книги.*
*4. Необработените или грешно обработени книги кои се одвоени во процесот на Ревизија на книжниот фонд и после два месеци од завршувањето на ревизијата*

*сеуште се сместени на клупа и не се почнати да се средуваат и обработуваат а за тоа секако дека програмскиот раководител требаше да направи план за работа и да се почне со реализација на истиот.*

*5. Сите книги од магацинот за монографски публикации се полни со прашина затоа што повеќе од 10 години не се исчистени од истата и со тоа книжниот фонд е доведен во состојба да е штетен и опасен за манипулација и користење. Магационерот во овај магацин сето тоа време има правено акции на чистење на книгите со што е малку олеснета состојбата али еден работник не може да сработи толкава огромна работа, туку е потребна акција од голем број на работници за што план требаше да направи програмскиот раководител а тој не го направи ниту го предложи како идеја со што катастрофалната состојба на книгите продолжува да трае.*

*6. Веќе два месеци во библиотеката има нов в.д. директор и за сето ова време програмскиот раководител нема направено никаква акција ниту план за работа во насока на средување на состојбата и решавање на проблемите во библиотеката.*

*7. Претходните 4 години кога беше хаос во библиотеката и работното време беше од 8.30 до 12.00 часот и во тој термин вклучена пауза од 9.30 до 11.30 програмскиот раководител со своето однесување допринесе за целиот тој хаос затоа што таа не покажа пример на совесен работник и принципиелна личност туку доаѓаше и си одеше од работа кога што сакаше, на пример доаѓање и после 8.30 часот а заминување од работа и во 11.30 часот за кое податоци може да се најдат кај службите кои го евидентираат влегувањето и излегувањето на вработените во библиотеката.*

*8. Книгите донирани од Владата на нашата библиотека од областа на македонски автори, нобеловци, странски универзитетски книги и сл. кои по приемот во нашата установа беа сместени на полици како што и треба да бидат сместени, пред околу 7 години на предлог и иницијатива на програмскиот раководител истите книги беа пакувани во пакети и поставени на под од цемент во визбата од стариот дел на библиотеката кој дел е најдлабоко во земјата и е со голема влага и никакво проветрување. Последната проверка на овие книги докажа дека книгите од најдолните пакети се зафатени и уништени од влага и мувла.*

*9. Сето свое влијание програмскиот раководител го насочи кон проекти со кои се промовираат несуштински и неитни активности како хортикултура, посети на странски библиотеки, дневна соба и сл., а не на решавање на горчливите проблеми опишани во претходните точки како што се наоѓање на празен магацински простор, набавка на полици и заштита на библиотечниот материјал, со што се докажа дека таа свесно и намерно работи на деградација и уништување на нашата установа и таквото поведение, став и однесување на една така висока функција како програмски раководител е неприфатливо и мора да биде санкционирано и казнето.“*

Имајќи го предвид горенаведеното во предлогот, согласно со член 78-ѓ од Законот за културата, в.д. директорот во рок од осум дена од денот на предлогот со Решение бр. 02-44/1 од 16.01.2025 г., формирал Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап составена од претседател и два члена и нивни заменици во следниот состав: советник – библиотекар, советник-библиотекар и библиотекар, стручен соработник.

Од страна на вработената библиотекар – советник, на 20.01.2024 г., поднесена е Изјава-Барање бр. 04-44/2 од истиот датум, за иземање од Комисијата за дисциплинска постапка за дисциплински престап со образложение дека за наведените предлози за коишто се води дисциплинската постапка, нема доволно материјални докази коишто ги потврдуваат наводите од Предлогот и дека според нејзините согледувања наводите од Предлогот не се вистинити. Со Решение бр. 04-44/3 од 21.01.2025 г., на в.д.директорот, барањето за иззмање со Изјава бр. 04-44/2 поднесено од членот на Комисијата е одбиено како неосновано.

Имено, според Записник заведен под бр. 04-44/6 од 22.01.2025 г., од состанокот на Комисијата за дисциплинска постапка, одржан на 17.01.2025 г., по доделениот материјал за работа, а врз основа на кој се темелат наводите од Предлогот на в.д. директорот за покренување на дисциплинска постапка, од страна на членот на комисијата побарано е да се остави повеќе време и простор за разгледување на предлогот и да се обезбедат повеќе материјални докази по однос на наводите во истиот, по што состанокот бил прекинат и било договорено да продолжи во текот на наредната недела откако ќе биде познат и ставот на членот на комисијата поврзан со исходот од нејзиното барање за иземање од член на Комисијата.

Според записникот на 22.01.2025 г., Комисијата за водење на дисциплинска постапка во полн состав заедно со в.д. директорот и двата члена на УО од редот на вработените во Библиотеката, извршиле увид во магацините како и во други простории на Библиотеката заради утврдување на фактичката состојба по однос на наведените причини во предлогот, за која било алармирано подолг временски период, а се однесувале на работењето на Програмскиот раководител. Видно од содржината на Записникот, комисијата со два гласа ЗА и еден глас ПРОТИВ донела заклучок, односно утврдила дека вработената е одговорна по однос на наводите во предлогот за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престапи врз основа на тоазаклучиле дека до в.д. директорот ќе биде доставен предлог за изрекување дисциплинска мерка-парична казна во висина од 30% од

**предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (претходно прашање), јавниот орган што ја води постапката ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката, од страна на инспекторот за култура Е ПРЕКИНАТА инспекциската постапка, до правосилното завршување на судската постапка, како претходно прашање што се води по Тужбата РО-56/25 на тужителот – библиотекар-советник, Програмски раководител на Библиотеката во Битола, против тужениот НУ-Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Битола по што ќе продолжи инспекциската постапка. Согласно со член 95 став (1) од Законот за општата управна постапка за истото ќе биде известен подносителот на иницијативата.**

Заради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 3 (три) еднакви примероци, од коишто еден примерок е за потребите на НУ-Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Битола, а 2 (два) примерока се за потребите на Секторот за управен и нспекциски надзор на Министерството за култура и туризам.

11)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | НУ-УБ „Св. Климент Охридски"-Битола | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Маја Митревска, виш инспектор за култура |
| Датум: 14.04.2025 | .04.2025г. | Датум: | 02.04.2025г. |

**Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.**